Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/2019 и 110/2019) член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот **КЛАСИЧЕН БАЛЕТ** за I одделение од шестгодишното основно балетско образование, според која ќе се реализира настава и во IV одделение во деветгодишното основно балетско образование до завршување на учебната 2021/2022 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# КЛАСИЧЕН БАЛЕТ

за I (прво) одделение

шестгодишно основно балетско образование

Скопје, 2020година

| | |
|---|---|
| Назив на наставната програма | **Класичен балет** |
| Тип на наставна програма | Задолжителна |
| Година на изучување | I (прво) одделение |
| Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма | 4/144 |
| Цели на наставна програма | Општите цели на наставната програма по наставниот предмет класичен балет се ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- Артикулирано движење на телото и засилување на екстензијата на екстремитетите и `рбетниот столб;<br>- Активно управување и свесна координација на сите делови од телото со интегрирање на нормите предвидени со балетскатата форма;<br>- Владеење со правилата за изведба на основните елементи покрај палката;<br>- Способност за комбинирана изведба на елементите покрај палката ;<br>- Артикулирано просторно движење и способност за изведба на елементите на средина на салата;<br>- Демонстрација на движењата на средина на салата со примена на правилата за изведба (засилување на стабилноста);<br>- Демонстрација на зададени просторни, музички и движечки шеми на средина на салата;<br>- Правилна изведба на елементите на средина на салата во чиста и комбинирана форма; |

| | |
|---|---|
| | - Танцово преставување на дадена музичка, вербална, визуелна асоцијација;<br>- Градење на лик, карактер, претстава преку танцови и движечки средства;<br>- Правилна ритмичка и кореографска изведба на танцови комбинации;<br>- Презентација на различен танцов карактер |
| **Наставни теми** | • Развивање на еластичноста на телото<br>• Елементи покрај палката<br>• Елементи на средина на салата<br>• Развивање на креативноста<br>• Танци |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставата по **класичен балет** задолжително е задоволување на просторните услови дефинирани според регулативата за изведување на овој тип на настава односно училишта од овој профил. Во однос на материјално-техничките услови задолжителна е реализација на наставата со пијано придружба . Моделите за реализација на наставата по овој предмет нужно претпоставуваат нагледни средства како видео запис, илустрации, фотографии, аудио помагала, користење на новите технологии и сл. |
| **Норматив на наставен кадар** | **Наставата по предметот Класичен балет може да ја изведува лице кое завршило:**<br>• Студии по балетска педагогија, насока класичен балет , VII/1 или 240 ЕКТС;<br>• Студии по балетски педагогија, насока современ танц, VII/1 или 240 ЕКТС . |

| | Тема 1. РАЗВИВАЊЕ НА ЕЛАСТИЧНОСТА НА ТЕЛОТО (40 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- постигнува еластичност на стапалата, соодветно на првиот стадиум на образование,<br><br>- комбинира вежби и правилно да ги следи упатствата и протоколите,<br><br>- креира и примени различен вид движења на стапалата изведени во променливни ритмички шеми, | **Содржина:**<br><br>- **Вежби за стапалата**<br><br>**Поими:**<br>- Свиткување, испружување,<br>- Отворање,<br>- затворање,<br>- права и кружна траекторија/линија на движење на стапалото,<br>- en dehors<br>- en dedans | **Активности:**<br><br>-Објаснување и практична презентација;<br>- Вежби со свиткување и испружување;<br>-Вежби со кружни движења<br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br><br>Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>Демонстрација на вежбата со активно вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1. прави ротации на стапалата en dehors во однос на природната положба за 90° во испружена и згрчена (флекс) позиција<br>1.2.користи поставка на стапалата на најмалку 60 ° во однос на подот<br>1.3. постигнува згрчена (флекс) положба на стапалата од најмалку 90° во однос на подот<br>1.4. ги координира движењата и правилно ритмички да ги изведува |
| 2 | - ги зајакнува своите телесни предиспозиции во однос на појасниот дел, | **Содржина**<br>**Вежби за појасниот дел од телото и за зголемување на подвижноста на `рбетниот столб** | **Активности:**<br>Објаснување и практична презентација;<br>- вежби за појасниот дел<br>- вежби за `рбетниот столб | 2.1. демонстрира наклони од најмалку 90° во однос на екстремитетите напред во стоечка положба и 45 ° во седечка положба ; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - примени и користи елементарната координација и ги комбинира вежбите,<br><br>-креира и применува различна метро - ритмичка шема<br><br>- правилно ги следи и толкува упатствата и правилата за изведба на елементите | **Поими:**<br>- појасен дел<br><br>-`рбетен столб<br>- наклон<br><br>- координација на деловите од телото | **Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br><br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на вежбата со активно вклучување на ученикот | 2.2 постигнува подвижности и прави наклони повеќе од 45 ° во однос на екстремитетите странично и назад во седечка и стоечка положба;<br>2.3. менува полжба и прави ротација во однос на статичниот карличен дел за најмалку 40° за седечка и стоечка положба<br>2.4. правилно ритмички да ги изведува и координира движењата<br>2.5. свесно применува и користи упатства што се пропишани со правилата на изведба |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- ја развие подвижноста и еластичноста на нозете,<br><br>- демонстрира елементарната координација и ги комбинира движења на нозете и карличниот дел,<br><br>-организира и примени различна | **Содржина:**<br>**Вежби за зголемување на еластичноста на нозете**<br><br>**Поими:**<br>- свиткување и испружување на нозете ,<br><br>- координација на деловите од телото<br>- en dehors<br>- екстензија/растегнување | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација,<br>- вежби за нозете со движење по права линија,<br>- вежби за нозете со ротации,<br>-вежби за нозете и карличниот дел,<br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>3.1 демонстрира способност за подигнување на нозете во испружена положба во сите правици (напред, настрана и назад) на најмалку 90° самостојно и најмалку 120° со асистенција на балетскиот педагог<br>3.2 ја контролира и применува правилна поставеност во однос на позициите - en dehors и почитување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ритмичка ритмичка шема<br><br>- ги следи правилно и толкува упатствата и протоколите | | демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- Демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | на нормите за изведба на класичниот балет<br>3.3. свесно применува и користи упатства |
| 4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-развие подвижноста на карличната регија,<br><br>-применува и користи елементарната координација вклучувајќи различни делови од телото ,<br><br>- ги следи и толкува упатствата и протоколите правилно и доследно | **Содржина:**<br><br>**Вежби за зголемување на еластичноста на карличната регија**<br><br>**Поими:**<br>- свиткување, испружување,<br>- наклон | **Активности:**<br>- Објаснување и практична презентација;<br>- вежби за карличната регија<br>- работа во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>4.1. изведува положби во кои ги спушта колената во en dehors положба под агол од најмалку 160° и 180° со асистенција на балетскиот падагог во седечка и лежечка положба<br><br>4.2. комбинира работа на различни делови од телото |

| | Тема 2. ЕЛЕМЕНТИ ПОКРАЈ ПАЛКАТА (40 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- именува, објаснува и применува елементарната балетска терминологија<br>- постигнува правилни позициите на нозете,<br>- препознава правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | **Содржини:**<br>**Позиции на нозе**<br><br>I, II, III, V позиција на нозете,<br>Поставување на телото покрај палката<br><br>**Поими:**<br>- позиции,<br>- поставеност en dehors | **Активности:**<br>-Објаснување и практична презентација;<br>-поставки покрај палката<br>-вежби покрај палката,<br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 демонстрира правилна поставка на телото покрај палката<br>1.2 демострира правилна изведба на позициите на нозе<br>1.3 комбинира правила во однос на телесната поставка и позицијата на нозете<br>1.4 ја достигнува формата пропишана со правилата на класичниот балет |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- примени правила и прецизно методски го исполни plié во различни позиции<br>- направи разлика во однос на зададени ритмички шеми при | **Содржини - plié**<br><br>demi plié изведено во I, II и V позиции<br><br>**Поими:**<br>- свиткување и испружување на | **Активности:**<br>-Објаснување и практична презентација;<br>- вежби со plié<br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1. демонстрира точна положба на нозете и поставка на телото<br>2.2. ја контролира правилната изведба на формите на plié покрај палката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | исполнување на plié<br>- развие способност за комбинирана изведба<br>- протолкува и препознае правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | нозете во отворена положба,<br>- координација на деловите од телото | **Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- Демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | 2.3.применува правилна изведба во однос на ритмичкото разложување на елементот<br>2.4. комбинира различни позиции, положби и поставки пропишани со изведбата на plié<br>2.5. постигнува телесна и ментална свесност за формата пропишана со правилата на класичниот балет |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- именува и користи елементарната балетска терминологија поврзана со battement<br>- правилно методски го исполни battemen во различни позиции и различни форми<br><br>- правилно ритмички да ги исполни battemens во различни позиции<br><br>- може да препознае правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | Содржини: Battement tendu<br><br>-battement tendu изведено во I и V позиции<br><br>-battement tendu со demi plié (отворање на ногата со приседнување) I, V позиции<br><br>-passé par terre<br><br>-battement tendu jeté изведено во I и V позиции<br><br>- battement tendu jeté со demi plié изведено во I и V позиции<br><br>- plié-soutenous изведено во I, | **Активности:**<br><br>Објаснување и практична презентација;<br><br>- вежби со battement tendu,<br><br>- вежби со passé par terre,<br><br>-вежби со battement tendu jeté,<br><br>- комбинирани вежби со battement tendu jeté и demi plié<br><br>- вежби со battement tendu jeté<br><br>- вежби со plié -soutenous<br><br>- работа изведено во двојки и | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1. правилно да го изведе елементот покрај палката и да направи терминолошка дистинкција на различните форми на battement<br>3.2 ја применува и прецизно ја исполнува нормата пропишана со методиката на изведба на елементот<br>(демонстрира отворени позиции и положби на нозете, стапалата и карличниот дел; ги контролира потпорната и работната нога во време на изведбата)<br>3.3. анализира и постигнува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | V позиција<br>**Поими:**<br>- работна нога,<br>- потпорна нога,<br>- battement tendu,<br>- passé par terre,<br>- battement tendu jeté,<br>- plié-soutenous | индивидулано<br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна<br>демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- Демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | свасност за изведба на комбиниран состав на елементи со променлива метро - ритмичка шема |
| 4. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- демонстрира правилна методски изведба на различните форми на rond<br>- покаже умешност за правилно ритмички реализација на rond<br>- препознае правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | **Содржини: Rond de jambe par terré**<br>- demi rond de jambe par terré (1/4 круг со ногата по под) en dehors, en dedans<br>- rond de jambe par terre(1/2 круг со ногата) en dehors, en dedans<br>**Поими:**<br>- кружно движење на ногата,<br>- rond de jambe par terre | **Активности:**<br>-објаснување и практична презентација;<br>-вежби со demi rond de jambe par terré<br>- вежби со rond de jambe par terre<br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагогот<br>- Демонстрација на вежбата со | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1 демонстрира точна положба на нозете и поставка на телото при ротацијата на работната нога<br>4.2 постигнува отворени позиции и положби на нозете и стапалата<br>4.3. ги контролира потпорната и работната нога во време на изведбата<br>4.4. комбинира променлив ритмички цртеж при изведба на rond |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | en dehors<br>- rond de jambe par terre en dedan | вклучување на ученикот | 4.5. анализира и применува промена во ритмичкиот цртеж |

| Тема 3. ЕЛЕМЕНТИ НА СРЕДИНА НА САЛАТА (34 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- покаже умешност во одредување на точките во изведувачкиот простор/во салата<br>- го контролира своето движење во просторот согласно дадени упатства | **Содржини**<br>**Поставка на средина на салата**<br>- Дефинирање на сценскиот изведувачкиот простор/во салата<br>**Поими:**<br>- Точки во салата<br>- Ориентација | **Активности:**-Презентација на основните ориентациски точки,<br>- вежби со просторни промени,<br>- вежби за ориентација и дефинирање на точките, позициите и насоките на движење во салата,<br>- Демонстрација од страна на балетскиот падагог<br>**Методи:**<br>Презентација<br>Практична примена и проверка<br>Видео проекции | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 применува различна поставеност и ориентација во изведувачкиот простор<br>1.2 ја користи ориентацијата умешно при менување правци согласно дадените упатства |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде** | **Содржини:**<br>- **Позиции на рацете** | **Активности:** | **Ученикот/ученичката може да:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **способен/способна да:**<br><br>- ги препознае и именува различните положби на рацете<br><br>- ги повтори позициите на рацете на средина на салата правилно<br><br>- ги комбинира преодите на рацете од позиција во позиција | -I, II, III<br><br>Положба allongeé<br><br>Port de bras<br><br>- движење на рацете низ позициите<br>- I port de bras<br><br>**Поими:**<br>- позиции<br>- allongeé<br>- port de bras | Објаснување и практична презентација;<br><br>- вежби за рацете во седечка позиција,<br><br>- вежби за рацете во стоечка позиција,<br><br>- вежби со транзитирачки позиции на рацете,<br><br>- работа во двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- Демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | 2.1. ја повторува правилната форма на позициите на раце на средина на салата<br>2.2. демонстрира интерпретација според зададени инструкции<br>2.3. прави разлика помеѓу различните поставки на рацете и практично да ги изведува во чиста и комбинирана форма |

| Тема 4. РАЗВИВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА И МУЗИКАЛНОСТА (10 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- моторички да се изрази по зададена тема<br><br>- комбинира, поврзе и претстави идеите во конкретна танцова форма,<br><br>-ги води сопствените идеи и практично го демонстрира,<br><br>-изгради и развие позитивниот став кон работата во група и самостојно | **Содржини:**<br>**Креативно изразување**<br>- Танцово асоцијативно изразување<br>- Мимичко, актерско изразување<br>- Импровизација (соло и група)<br><br>**Поими:**<br>- Асоцијација<br>- Лик<br>- Приказна<br>- Тема<br>- Мимика<br>- Актерски израз<br>- Импровизација | **Активности:**<br>-Тематско изразување преку различни изразни медиуми ( движење/танц, цртеж)<br>- Реализација на зададена тема преку танцови движења,<br>- Тематско дефинирање преку одредена музичка основа (асоцијации, тема, ликови, приказна)<br>- Поврзување на музичка и визуелна асоцијација<br>- Актуелизирање на одреден лик или состојба со танцови средства<br>- Актуелизирање и реализација на различни изразни средства<br><br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Вербално тематизирање<br>- Видео-аналитичка метода | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 демонстрира способност за асоцијативно размислување<br>1.2 ги комбинира музичките секвенци со зададената тема и истите правилно ги трансформира во движење<br>1.3 конструира музички, движечки претстави во согласност со зададената тема<br>1.4. креира позитивна атмосфера за работа и покажува капацитет за тимска работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- развие чувството за музика и ритам,<br><br>- демонстрира ритмички вежби,<br><br>-комбинира ритмички вежби изведени со различни делови на телото во склад со мелодиско-ритмичка шема,<br><br>-правилно примен и комбинира промена на темпото во вежбите | **Содржини:**<br>**Ритмички вежби**<br><br>**Поими:**<br>-ритам<br>-мелодија<br>- делови во музиката<br>–музички мотив<br>- темпо | **Активности:**<br><br>- Ритмички вежби со вклучување на рацете,<br>- Ритмички вежби со вклучување на нозете,<br>- Комбинирани ритумички вежби со вклучување на различни делови на телото,<br>- Слушање и препознавање на различни музички мотиви (од балетски, музички, филмски дела кои се поврзуваат со одреден лик)<br>- Координација на музичките модуси изведени во различно темпо и различно музичко разложување на движењето<br><br>**Методи:**<br>- аудитивно-аналитичка<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог | 2.1. правилно ги примени и демонстрира зададените ритмички задачи<br>2.2. слуша и препознава различни ритми<br>2.3. препознае музички мотиви поврзани со конкретен тематски материјал (од балетски претстави и сл.)<br>2.4. ја смени движечката пулсација во склад со музичката<br>2.5 умее ритмички да следи музички материјал со променлива пулсација |

| Тема 5. ТАНЦИ (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да**<br>- Ги демонстрира изучените чекори и елементи,<br>- развие координација и владее со просторните координати,<br>- ги развие своите вештини во делот на танцовото изразување, | **Содржини**: Танци<br>- марш,<br>- полка,<br>- тематски танцови композиции (танц на снегулки, танц на пеперутки, танц на цвеќиња итн)<br>- Танци со користење на аксесуари (лепези, ленти, цветни обрачи и др.)<br>**Поими:**<br>- Марш<br>- Полка<br>- Композиција<br>- Танцови елементи | **Активности:**<br>- Танцова импровизација<br>- Композиција на марш,<br>- Елементарна композиција на полка<br>- Тематски танци<br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Групна и индивидуална<br>- Демонстрација на танцот од страна на балетски падагогот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1. ги исполни доследно изучените движења од танците<br>1.2. демонстрира способност за просторна ориентација при изведба во група<br>1.3. препознае и правилно го исполни карактерот на различните танци<br>1.4. демонстрира способност за уметничка интерпретација и истата е во состојба да ја протолкува |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | За да се оценат постигнувањата на ученикот/ученичката неопходно е:<br>- да се согледа иницијалната состојба на ученикот/ученичката (согледување на неговите природни предиспозиции );<br>- да се следи континуирано ученикот/ученичката за да се добијат сознанија за неговиот напредок, |

| | |
|---|---|
| | развој, степенот на разбирање на поимите и правилата за нивната примена, оспособеноста за реализација на зададените задачи;<br>- континуирано следење на односот на ученикот/ученичката кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на обврските;<br>- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во предвидените содржини.<br>Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во тек на наставниот процес. Во тек на првото и третото тромесечие се спроведува колоквиум пред комисија. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит кој се оценува комисиски. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | Учебна 2020/2021 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | бр. 12-5971/18<br>17.08.2020 година<br>МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi |